ВМРО-ДПМНЕ : Џафери ќе остане запаметен како деспотот од Форино како претседател на Собранието кој досега вршел најбрутални повреди на процедурите и законите.

Тој всушност е она што во правото се препознава како затруено дрво, кое раѓа затруени плодови. Всушност тој беше донесен на тоа седиште и се добра до таа фотелја на незаконски начин преку кршење на процедури.

Од тука се што тој подоцна произведе беше безаконие и поддршка на криминалното работење на оваа влада.

Во таква една ситуација активната блокада на ВМРО-ДПМНЕ е единствената можна акција за делегитимирање на беззакониетo на Талат.

Во однос на уставните измени за кои Џафери збори тоа не се обврски на државата кон ЕУ, туку обврски на кои криминалната клика на СДС ДУИ пристанаа за да си ги зачуваат фотељите, а на целосна штета на македонскиот идентитет, јазик, историја и култура преку целосно национално обезличување и прифаќање на бугарските мегаломански барања.

Попрво криминалната влада ќе падне, од тоа да има било какви уставни измени.